Врз основа на член 110 став 1 од Законот за високото образование („Сл. Весник на РМ" бр. 82/2018, „Сл. Весник на РСМ" бр. 178/2021, 58/2024, 124/2025), член 58 став 1 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (Универзитетски гласник бр.454/2019, 528/2020) и член 11 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски) и втор циклус студии (после дипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.417/2019), Глава III точка 4 од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2026/2027 година и член 9 од Упатството за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2026/2027 година и чл. 97 став 1 од Законот за општата управна постапка, Конкурсната комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2026/2027 година при Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје, го донесе следново

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ИСПРАВА Прелиминарната ранг листа за упис во втор уписен рок во прв циклус студии поради очигледни неточности во истата:**

**Кандидатот со приемен ИД број 138275 се рангира на Конечната ранг листа – Правни студии – нерангирани кандидати.**

**Кандидатот со приемен ИД број 137927 се рангира на Конечната ранг листа – Правни студии – Специјални услови.**

## Образложение

Конкурсната комисија на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје воочи очигледни технички неточности, генерирани преку автоматизиран компјутерски систем, во објавената Прелиминарна ранг листа за упис во прв циклус во вториот уписен рок. Имено, при генерирањето на Прелиминарните ранг листи за упис во прв циклус во вториот уписен рок, погрешно е рангиран кандидатот со ИД број 138275 меѓу примените студенти на правни студии, иако кандидатот нема положено државна матура туку стручна матура која не е соодветна за запишување на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје. Дополнително, при генерирањето на Прелиминарните ранг листи за упис во прв циклус во вториот уписен рок погрешно е наведен кандидатот со ИД број 137972 помеѓу нерангираните кандидати, иако кандидатот уредено ги исполнува условите да биде рангиран како примен кандидат под специјални услови (точка IV, потточка 6, алинеја 1 од Конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје).

Конкурсната комисија ја изврши техничката корекција согласно членот 97 став 1 од Законот за општата управна постапка кој гласи: „ Јавниот орган што го издал управниот акт може во секое време да ги исправи грешките во имињата или броевите, пишувањето или сметањето, како и други очигледни неточности во управниот акт или во неговите заверени преписи."

**Правна поука:**

Решението на Конкурсната комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2026/2027 година е конечно. Против ова Решение, незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од објавувањето.

17.9.2027

Претседател на Конкурсна комисија

Проф. д-р Есин Кранли

-----------------------------------------------